# АД ОСИГУРИТЕЛНА ПОЛИСА СКОПЈЕ

## НАЦИОНАЛНА ГРУПАЦИЈА ЗА ОСИГУРУВАЊЕ

Врз основа на Одлуката за свикување на Собрание на акционери на Национална групација за осигурување АД Осигурителна полиса Скопје бр. 02-5130/2 од 30.07.2024 г. донесена од Одборот на директори на Друштвото, Одборот на директори на Национална групација за осигурување АД Осигурителна полиса - Скопје објавува

**ЈАВЕН ПОВИК**
**за учество на Собрание на акционери на АД Осигурителна полиса Скопје**

Седница на Собранието на Национална групација за осигурување АД Осигурителна полиса Скопје ќе се одржи на ден 27.09.2024 година (петок) со почеток во 13 часот во седиштето на Друштвото во Скопје на бул.Свети Климент Охридски бр. 26 со следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

**ПРОЦЕДУРАЛЕН ДЕЛ**
1. Избор на претседавач на Собранието и
2. Избор на тројца бројачи на гласови;

**РАБОТЕН ДЕЛ**
1. Предлог - Одлука за престанок на вршење на функцијата неизвршен член на Одбор на директори на Национална групација за осигурување АД Осигурителна полиса Скопје согласно поднесено барање заведено под арх.бр. 03-5149/1 од 30.07.2024 година и

2. Предлог - Одлука за избор на неизвршен член на Одбор на директори на Национална групација за осигурување АД Осигурителна полиса Скопје;

Се повикуваат акционерите да го пријават своето учество на Собранието.
Секој акционер кој има намера да учествува на Собранието на Друштвото е должен да го пријави своето учество на Собранието (пријава за учество на Собранието) најдоцна пред почетокот на седницата на закажаното Собрание. Секој акционер има право да предложи точки на дневен ред и да предложи усвојување на одлуки по секоја од точките кои се вклучени во дневниот ред најдоцна во рок од осум дена од денот на објавување на повикот.
Секој акционер може да овласти со нотарски заверено полномошно свој полномошник кој ќе одлучува само за прашањата кои се уредно ставени на Дневен ред, согласно Статутот на Друштвото и Законот за трговски друштва.
Увид во материјалите од дневниот ред на Собранието може да изврши секој акционер пред одржување на Собранието секој работен ден во просториите на Друштвото.

**АД Осигурителна полиса Скопје**